Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше Претседателот на Врховен суд на Република Северна Македонија Беса Адеми одржана на 25.04.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење, поднесена од Ване Андреев, адвокат од Струмица, го усвои следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење поднесена од Ване Андреев адвокат од Струмица, заведена под СУ-03.бр.734/23 од 26.10.2023 година, **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/06 ... бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 25.04.2024 година расправаше по иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење за бришење на осуди на исто лице, кое има повеќе правосилни осуди, поднесена од Ване Андреев, адвокат од Струмица.

Во поднесената иницијатива е поставено прашање: Дали за едно осудено лице кое има повеќе правосилни осуди, можат да бидат избришани поединечно секоја казна кога за таа иста казна ќе помине законски предвидениот рок за бришење од казнената евиденција, или мора да помине законски предвидениот рок за сите осуди за да се бришат истовремено.

Согласно член 103 став 1 од Кривичниот законик, е пропишано дека рехабилитацијата на осудено лице може да настапи по сила на закон (законска рехабилитација), или врз основа на судска одлука (судска рехабилитација).

Според став 2 од истиот член на законот, рехабилитацијата значи предвремен престанок на казните што се состојат во забрани и на казната протерување странец од земјата и правните последици од осудата и бришење на осудата од казнената евиденција.

Според став 3 од истиот член на законот, рехабилираното лице се смета за неосудувано, а податоците за бришаната осуда не се даваат никому.

Според став 4 од истиот член на законот, со рехабилитацијата не се гиба во правата на трети лица кои се засноваат врз осудата.

Според член 104 од Кривичниот законик, законска рехабилитација се состои во бришење на осудата од казнената евиденција по сила на закон по протокот на определен рок од правосилноста на осудата, односно од денот на издржаната, застарената или простената казна, ако осудениот во законски определениот рок не стори ново кривично дело. Бришењето на осудата повлекува и престанок на сите правни последици од осудата, како и на изречените казни што се состојат во забрани, како на пример забрана на вршење професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило, или казната протерување на странец од земјата.

Законската рехабилитација е ограничена на полесни осуди од кои најтешката е осуда на казна затвор до 3 години – став 4 од член 104 од Кривичниот законик.

Во однос на основниот услов – осудениот во определениот рок да не стори ново кривично дело, во зависност од тежината на осудата се поставени различни рокови.

Бришењето на осудата кога се исполнети условите за законска рехабилитација го врши судот надлежен за водење на казнената евиденција по службена должност со решение, а ако судот не донесе такво решение, осуденото лице може да бара да се утврди дека бришењето на осудата настапило според законот согласно член 495 и член 496 од Законот за кривичната постапка.

Согласно член 104 став 1 од Кривичниот законик, осудата за изречената алтернативна мерка освен условна осуда и осудата со која сторителот на кривичното дело е ослободен од казна, се бришат од казнената евиденција ако осудениот во рок од 1-една година од денот на правосилноста на судската одлука не стори ново кривично дело.

Според став 2 од истиот член на законот, условната осуда се брише од казнената евиденција по 1-една година откако ќе помине времето на проверка, ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело.

Според став 3 од истиот член на законот, осудата на парична казна и казната забрана на управување со моторно возило, изречена како единствена казна, се брише од казнената евиденција кога ќе поминат 3-три години од денот на извршената, застарената или простената казна ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело.

Според став 4 од истиот член на законот, осудите на казна затвор до 3-три години се бришат од казнената евиденција кога ќе поминат 5-пет години од денот на издржаната, застарената или простената казна ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело.

Според став 5 од истиот член на законот, повеќе осуди на исто лице можат да се бришат од казнената евиденција само истовремено и тоа ако постојат услови за бришење на секоја од тие осуди.

Подносителот на иницијативата до Врховниот суд на Република Македонија на ден 05.12.2023 година, достави две судски одлуки и тоа решение на Кривичниот совет при Основниот кривичен суд Скопје КС-КР.бр.310/23 од 21.03.2023 година и решение на Основниот суд Струмица КС-КР.бр.33/23 од 24.03.2023 година, а на ден 13.12.2023 година достави пет судски одлуки за друго осудено лице и тоа: решение на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.64/23 од 03.10.2023 година, решение на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.65/23 од 03.10.2023 година, решение на Основен суд Гевгелија КС-КР.бр.112/23 од 12.10.2023 година, решение на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.62/23 од 24.10.2023 година и решение на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.63/23 од 24.10.2023 година, како докази за постоење на различни судски одлуки по ова прашање на подносителот на иницијативата.

Во решението на Кривичниот совет при Основниот кривичен суд Скопје КС-КР.бр.310/23 од 21.03.2023 година е утврдено бришење на осудата од казнената евиденција спрема осудениот Стевче Стојанов од Струмица, со генералии како во изреката на решението, изречена со пресуда на Основен суд Скопје I Скопје К.бр.1237/12 од 31.01.2013 година, правосилна на ден 22.04.2013 година, со која бил огласен виновен за кривично дело – „Лажно пријавување на кривично дело“ од член 366 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик, за кое му била изречена алтернативна мерка – Условна осуда, при што му е утврдена казна затвор во траење од 3-три месеци и е одлучено дека истата нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 1-една година по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Видно од образложението на ова решение, судот утврдил дека одделението за казнена и кривична евиденција при Основен суд Струмица со податоци СУ.бр.01-465/23 од 10.03.2023 година, го известил судот дека осудениот Стевче Стојанов од Струмица евидира во казнената евиденција по погоре цитираната пресуда. Основното јавно обвинителство Скопје со КОВ.бр.203/23 од 17.03.2023 година ги вратил списите на предметот, без да дадат мислење за бришење на осудата од казнената евиденција на ова осудено лице во овој случај. Судот утврдил дека молбата за бришење на осудата од казнената евиденција на осуденото лице, е основана согласно член 104 став 2 од Кривичниот законик, при што утврдил дека времето за проверување за осудата изречена со пресуда на Основниот кривичен суд Скопје, тогаш бил Основен суд Скопје I Скопје К.бр.1237/12 од 31.01.2013 година, правосилна на ден 22.04.2013 година, времето

на проверка од 1-една година истекло на 22.04.2014 година, а законскиот рок од 1-една година во смисла на цитираната одредба од Кривичниот законик истекол на 22.04.2015 година и во тој период осудениот не сторил ново кривично дело, така што се исполнети законските услови за бришење на условната осуда од казнената евиденција во овој случај.

Во решението на Основен суд Струмица КС-КР.бр.33/23 од 24.03.2023 година барањето за бришење на осуда од казнената евиденција на осудениот Стевче Стојанов, со генералии како во изреката на решението, по пресуда на Основен суд Струмица К.бр.479/17, правосилна на 08.10.2018 година, со која е огласен виновен за кривично дело – „Измама" од член 247 став 3 во врска со став 1 во врска со член 45 став 3 од Кривичниот законик, му е изречена Условна осуда така што му е утврдена казна затвор во траење од 1-една година со време на проверување од 3-три години, е одбиено е како неосновано.

Имено, видно од образложението на наведеното решение судот извршил увид во листа од казнена евиденција на Основен суд Струмица од 21.03.2023 година, при што утврдил дека освен по правосилната пресуда за која осуденото лице бара бришење на осудата, осудениот во казнената евиденција евидентира и по други кривични пресуди и тоа:

Со правосилна пресуда на Основен суд Струмица К.бр.499/16 од 05.05.2017 година со која осудениот Стевче Стојанов е огласен виновен за кривично дело од член 247 став 1, 2 и 5 од Кривичниот законик, за кое му е изречена Условна осуда така што му е утврдена казна затвор од 1-една година и 2-два месеци со време на проверување од 2-две години и 6-шест месеци. Пресудата станала правосилна на 17.06.2017 година;

Со правосилна пресуда на Основен суд Прилеп К.бр.256/13 од 05.05.2014 година, со која осудениот Стевче Стојанов е огласен виновен за кривично дело од член 144 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик и му е изречена Условна осуда така што му е утврдена казна затвор од 3-три месеци со време на проверување од 2-две години;

Со правосилна пресуда на Основен суд Прилеп К.бр.293/16 од 01.03.2019 година осудениот Стевче Стојанов е огласени виновен за кривично дело од член 202 став 1 од Кривичниот законик и му е изречена парична казна од 67.650,00 денари;

Со правосилна пресуда на Основен суд Прилеп К.бр.32/14 од 26.12.2014 година, со која осудениот Стевче Стојанов е огласен виновен за кривично дело од член 144 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик и му е изречена парична казна од 24.600,00 денари;

Со правосилна пресуда на Основен кривичен суд Скопје К.бр.1237/12 од 22.04.2013 година, осудениот Стевче Стојанов е огласен виновен за кривично

дело од член 366 став 1 од Кривичниот законик и му е изречена Условна осуда така што му е утврдена казна затвор од 3-три месеци со време на проверување од 1-една години;

Оттука, согласно член 104 став 5 од Кривичниот законик, судот при постапувањето се повикал на оваа одредба со оглед дека повеќе осуди на едно лице може да се бришат од казнената евиденција само истовремено и тоа ако постојат услови за бришење на секоја од тие осуди.

Во конкретниот случај, Основниот суд Струмица во образложението на решението утврдил дека по однос на пресудата на Основен суд Струмица К.бр.479/17, правосилна на 08.10.2018 година, за која осудениот барал бришење на осудата во времето на проверување од 3-три години, а кое истекло на ден 08.10.2021 година и во текот на една година која треба да помине по истекот на времето на проверка, односно на 08.10.2022 година, за осудениот станале правосилни и други пресуди по други сторени кривични дела и тоа: по пресуда на Основен суд Прилеп К.бр.293/16, која станала правосилна на 01.03.2019 година, со која му била изречена парична казна и пресуда на Основен суд Струмица К.бр.504/16, правосилна на 22.01.2018 година, со која бил осуден на парична казна, при што судот немал доказ дека осудениот ги платил паричните казни, согласно членовите 109 став 1 точка 6 и член 111 став 5 од Кривичниот законик, истите апсолутно застареле на 01.03.2023 година, односно на 22.01.2022 година кога почнал да тече рокот од 3-три години предвиден во член 104 став 3 од Кривичниот законик, кој за првата осуда би истекол на 01.03.2026 година, а за другата осуда на 22.01.2025 година, кога за наведените осуди би се оствариле услови за бришење од казнената евиденција.

Оттука, Основниот суд Струмица правилно утврдил дека се уште не се исполнети законските услови за бришење на осудата.

Со решението на Кривичниот совет при Основниот кривичен суд Скопје КС-КР.бр.310/23 од 21.03.2023 година, со кое е утврдено бришење на осудата на осудениот Стевче Стојанов, тоа лице евидира во казнената евиденција на Основен суд Струмица по таа пресуда за која се бара бришење. Оттука, решението е правилно донесено согласно член 104 став 2 од Кривичниот законик, така што истото е законито и не е на штета на осуденото лице.

Во решението на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.64/23 од 03.10.2023 година е утврдено бришење на осудата од казнената евиденција спрема осудениот Дејанчо Коцев, со генералии како во изреката на решението, изречена со пресуда на Основен суд Радовиш К.бр.209/12 од 11.02.2013 година, правосилна на ден 20.03.2013 година, со која бил огласен виновен за кривично дело – „Тешка кражба“ од член 236 став 1 т.3 во врска со член 45 од Кривичниот законик, за кое му била изречена казна затвор во траење од 1-една година.

Видно од образложението на ова решение, судот утврдил дека молбата за бришење на осудата од казнената евиденција на осуденото лице, е основана согласно член 104 став 4 од Кривичниот законик, при што утврдил дека казната е издржана во Затвор Струмица на ден 17.03.2016 година, а условот за бришење на осудата 5 години од издржаната казна настапил на 17.03.2021 година и во тој период осудениот не сторил ново кривично дело, така што се исполнети законските услови за бришење на условната осуда од казнената евиденција.

Во решението на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.65/23 од 03.10.2023 година е утврдено бришење на осудата од казнената евиденција спрема осудениот Дејанчо Коцев, со генералии како во изреката на решението, изречена со пресуда на Основен суд Радовиш К.бр.77/07 од 18.06.2007 година, правосилна на ден 06.07.2007 година, со која бил огласен виновен за кривично дело – „Кражба“ од член 235 став 1 од Кривичниот законик, за кое му била изречена Условна осуда, така што му била утврдена казна затвор во траење од 2-два месеци, која нема да се изврши доколку осудениот во рок од 2-две години не стори ново кривично дело.

Видно од образложението на ова решение, судот утврдил дека молбата за бришење на осудата од казнената евиденција на осуденото лице, е основана согласно член 104 став 2 од Кривичниот законик, при што утврдил дека времето за проверка е поминато на ден 06.07.2009 година а за тоа време осудениот не сторил ново кривично дело. Условот за бришење на осудата настапил на ден 06.07.2010 година, така што се исполнети законските услови за бришење на осудата од казнената евиденција.

Во решението на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.62/23 од 24.10.2023 година е утврдено бришење на осудата од казнената евиденција спрема осудениот Дејанчо Коцев, со генералии како во изреката на решението, изречена со пресуда на Основен суд Радовиш К.бр.85/12 од 13.09.2012 година, правосилна на ден 04.10.2012 година, со која бил огласен виновен за кривично дело – „Тешка кражба“ од член 236 став 1 т.1 вв со член 45 од Кривичниот законик, за кое му била изречена Условна осуда, така што му била утврдена казна затвор во траење од 1-една година, која нема да се изврши доколку осудениот во рок од 1-една година не стори ново кривично дело.

Видно од образложението на ова решение, судот утврдил дека молбата за бришење на осудата од казнената евиденција на осуденото лице, е основана согласно член 104 став 2 од Кривичниот законик, при што утврдил дека времето за проверка е поминато на ден 04.10.2013 година, а за тоа време осудениот не сторил ново кривично дело. Условот за бришење на осудата настапил на ден 04.10.2014 година, така што се исполнети законските услови за бришење на осудата од казнената евиденција.

По однос на решението на Основен суд Гевгелија КС-КР.бр.112/23 од 12.10.2023 година и решението на Основен суд Радовиш КС-КР.бр.63/23 од

24.10.2023 година, истите се доставени нецелосни, односно без втора страна, така што овие докази не можат да бидат предмет на опсервација, поопсежна елаборација и оценка.

Оттука, имајќи предвид наведеното, судовите по наведените предмети за кои се доставени погоре наведените решенија, правилно ги примениле одредбите од член 104 од Кривичниот законик, при што во решението на Основниот суд Струмица КС-КР.бр.33/23 од 24.03.2023 година правилно судот го одбил барањето за бришење на осудата од казнената евиденција на осудениот со оглед дека не се исполнети условите за примена на ставот 5 од член 104 од Кривичниот законик, со оглед дека кога постојат повеќе осуди на едно исто лице можат да се бришат од казнената евиденција само истовремено и тоа ако постојат услови за бришење на секоја од тие осуди.

Согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Северна Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по иницијатива во услови на постоење на различни судски одлуки по иста правна ситуација, односно кога има отстапување од законот, што во случајот не постои.

Врз основа на погоре наведеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија одлучувајќи по иницијативата, а по одржаната расправа донесе Заклучок со кој иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење, поднесена од Ване Андреев, адвокат од Струмица, заведена под Су-03.бр.734/23 од 26.10.2023 година, не се усвојува.

Општа седница
на Врховен суд на Република Северна Македонија